РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 952
Скопје, 14 ноември 2008 година

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД - СРЕДЕН ВЕК, ВОВЕД ВО ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА И ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТА - ОПШТ КУРС, НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет - Скопје, донесена на неговата редовна седница на 22. XI 2008 година, избрани сме за членови на Рецензентската комисија за изготвување извештај за избор на наставник по предметите: историја на уметноста на македонскиот народ - среден век, вовед во историја на уметноста и историја на уметноста - општ курс, при Филозофскиот факултет во Скопје.

На распишаниот конкурс на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весникот „Утрински весник" на 22.IX 2008 година, се јави кандидатката д-р Елизабета Димитрова, вонреден професор на Филозофскиот факултет во Скопје.

По разгледувањето на целокупната документација, Рецензентската комисија во состав: проф. д-р Елица Манева, проф. д-р Иван Микулчиќ и проф. д-р Владимир Величковски, има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Кандидатката проф. д-р Елизабета Димитрова е родена во Скопје на 28.VII 1962 година. Основно и средно училиште завршила во родниот град, со одличен успех. Во 1981 година, се запишала на Институтот за историја на уметноста со археологија, при Филозофскиот факултет во Скопје, каде што дипломирала во април 1986 година, со просечна оценка 9,94. Во истата година ја добила наградата „Франк Манинг", за најдобар студент на Филозофскиот факултет. Во следната 1987 година, ја добила и наградата на Филозофскиот факултет, за најдобар студент во декадата 1976-1986. Во 1987 година била вработена како помлад асистент на Институтот за историја на уметност со археологија на Филозофскиот факултет во Скопје. Во истата година ги запишала постдипломските студии на Филозофскиот факултет во Белград, на Одделението за историја на уметноста, насока историја на византиската уметност, кои ги завршила со просечна оценка 10.

Во текот на студиската година 1989/1990, ја користела стипендијата „Готфри фон Хеедер" за стручно усовршување на Универзитетот во Виена.

Магистрирала на Филозофскиот факултет во Белград во март 1993 година на тема „Иконе од теракоте из Винице" кај проф. д-р Јованка Максимовиќ, стекнувајќи се со научниот степен магистер по историја на уметноста. Во 1994 година била избрана за асистент по предметот историја на уметноста на македонскиот народ - среден век на Институтот за историја на уметноста со археологија.

Во февруари 1998 година, престојувала на Државниот универзитет во Темпи, Аризона, САД како корисник на стипендијата „Мари Кончоф".

Докторирала на Филозофскиот факултет во Белград, во март 1998 година на тема "Зидно сликарство цркве Свете Богородице у Матеичу" кај проф. д-р Иван Ѓорѓевиќ и се стекнала со научен степен доктор по историја на уметноста.

Во 1999 година била избрана за доцент по предметите: историја на уметноста на македонскиот народ - среден век, вовед во историја на уметноста и историја на уметноста - општ курс. Во 2004 година била избрана во звањето вонреден професор по истите предмети.

**Професионален и работен ангажман (2004-2008)**

Од изборот за вонреден професор во 2004 година, д-р Елизабета Димитрова ја изведувала наставата по следниве предмети:

- **Историја на уметноста на македонскиот народ - среден век** за насоката историја на уметноста на Институтот за историја на уметноста и археологија, во периодот од 1999 до 2008 година;
- **Историја на уметноста на македонскиот народ - среден век** за насоката археологија на Институтот за историја на уметноста и археологија, во периодот од 2005 до 2008 година;
- **Вовед во историја на уметноста** за насоката историја на уметноста на Институтот за историја на уметноста и археологија, во периодот од 1999 до 2008 година;
- **Ранохристијанска археологија** за насоката археологија на Институтот за историја на уметноста и археологија, во периодот од 2005 до 2007 година;
- **Историја на уметноста - општ курс** за насоките историја и архивистика на Институтот за историја, во периодот од 1999 до 2008 година;
- **Општа историја на уметноста** за насоките музикологија и етномузикологија на Факултетот за музичка уметност, во периодот од 1999 до 2006 година.

За одбележување е дека како наставник покажува забележителен педагошки пристап во едукацијата на младите кадри. Тоа се должи на ангажирањето и следењето на проблематиката на научните дисциплини со кои професионално се занимава, како и на непосредната и квалитетна комуникација со студентите.

Нејзиниот темелен и сериозен однос во тој домен резултира со менторство или учество во комисии на десетици дипломски работи, како и во изработка на магистерски и докторски теми.

Со своите јавни настапи во медиумите за стручни прашања од областа на средновековната уметност од Македонија, во голема мера придоинесува за популаризација на нашето културно наследство и подигање на свеста за неговото значење.

Како раководител и актуелен заменик на раководител на Институтот за историја на уметност и археологија, а пред тоа и на Советот за постдипломски студии, таа е иницијатор за осовременување на наставата со соодветни технички и стручни помагала и воопшто за подигање на нивото на едукативниот пристап.

**Членство во домашни и меѓународни институции и здруженија**

Како истакнат стручњак од областа на историјата на уметноста, член е на неколку домашни и меѓународни институции, здруженија и асоцијации, од кои ќе ги споменеме:

- Центарот за археолошки истражувања, од 1995 година;
- Center for Medieval and Renaissance Studies - Arizona State University, од 1998 година;
- Каламус - Центар за културно и духовно наследство, од 2000 година;
- Македонида - Асоцијација за заштита на културното наследство и едукација, од 2001 година;
- American Biographical Institute's Women's Advisory Board, од 2003 година.

**Учество на конгреси, научни собири и семинари (2004-2008)**

Од изборот во звањето вонреден професор во 2004 година, д-р Елизабета Димитрова учествувала со свои реферати на поголем број меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси, од кои ќе ги наведеме следниве научни собири:

- 2004 Охрид, Konrad Adenauer Regional Conference: "Shaping the Future Together";
- 2004 Брисел, Парламент на Андерлехт, конференција: „Презентација и заштита на уметничкото наследство од Македонија";
- 2005 Ниш, Меѓународен симпозиум: „Ниш и Византија IV";
- 2005 Хамбург, Меѓународен симпозиум: „Das Ende Europas wie wir es kennen? Europabilder und ihre Auswirkungen auf europäische Politik";
- 2006 Ниш, Меѓународен симпозиум: „Ниш и Византија V";
- 2006 Лондон 21st International Congress of Byzantine Studies;
- 2006 Скопје, X меѓународен конгрес за мозаик: „Мозаични работилници - релации исток и запад од антиката до денес";
- 2006 Скопје, Меѓународен симпозиум: „По трагите на академик Војислав Ѓуриќ";
- 2007 Ниш, Меѓународен симпозиум: „Ниш и Византија VI";
- 2008 Падова: Меѓународен симпозиум: „All' origine dell' affresco. Le radici adriatico-balcaniche della pittura moderna. Un contributo al dialogo interculturale ed ecumenico";

- 2008 Ниш, Меѓународен симпозиум: „Ниш и Византија VII";
- 2008 Толедо: XV Congreso International de Arqueologia Cristiana;
- 2008 Охрид, Balkan Symposium on Archaeometry: „Science Meets Archaeology and Art History".

**Учество во научноистражувачки и образовни проекти (2004- 2008)**

Во периодот по изборот во вонреден професор, д-р Елизабета Димитрова ги раководела или координирала следниве научноистражувачки и образовни проекти:

- 2004, член на експертски тим за проектот: „Развој на општините и културата: Социјална проценка и проценка на потребите, истражување на локалното наследство и изготвување на стратегија" (Светска банка);
- 2004, директор на Меѓународната летна школа "Balkans' Cultural Heritage: from Confluence to Coexistence" (Охридски летен универзитет во организација на институтот Евро-Балкан);
- 2004, директор на Охридскиот летен универзитет во организација на институтот Евро-Балкан;
- 2004-2005, национален координатор на Темпус-проектот „Understanding the Visual Culture of the Balkans" (Филозофски факултет - Белград, Capodistrian University of Athens, Universitat Wien);
- 2005, Програмски координатор на Охридскиот летен универзитет во организација на институтот Евро-Балкан;
- 2005, Организатор на семинарот "Culture Without Frontiers: the Balkans' Perspective" (Советот на Европа);
- 2008, Macedonian Mediateque: Создавање на инвентар за средновековните споменици на територијата на Република Македонија (институт Евро-Балкан);
- 2008, директор на Меѓународната летна школа "Global Economy and Creative Industries" (Охридски летен универзитет во организација на институтот Евро-Балкан);
- 2008, директор на Охридскиот летен универзитет (во организација на Институтот Евро-Балкан);

Со својата ангажираност како експерт за проблематиката на ранохристијанската и византиската уметност, д-р Елизабета Димитрова покажува дека нејзините професионални дострели ги надминуваат границите на нашата држава и дека таа има углед на меѓународно признат историчар на уметност и медиевалист.

**Библиографија (2004-2008)**

Во библиографскиот опус на д-р Елизабета Димитрова се вбројуваат поголем број стручни трудови, објавени во домашните и меѓународните научни списанија, како и шест монографски публикации, посветени на уметничката продукција од ранохристијанскиот и византискиот период. Од трудовите, печатени по нејзиниот избор за вонреден професор во 2004 година, ги издвојуваме следниве:

**Трудови:**

- **Varosh**, Encyclopaedia Orthodoxa III, Москва 2004
- **The Ministry Cycle in the Fresco Painting of the Ljuboten Church**, Културно наследство 28-29 (2002-2003), Скопје 2004
- **Ранохристијанските мозаици во Македонија**, Македонска културна ризница (ЦД-РОМ), Скопје 2006
- **Средновековен фрескоживопис во Македонија - дела и творци**, Македонска културна ризница (ЦД-РОМ), Скопје 2006
- **In Through The Inner Door (The Mosaic in the Narthex of the Large Basilica in Heraclea Lyncestis)**, Niš & Byzantium Symposium, The Collection of scientific works IV, Niš 2006
- **Од слика на космосот до насликана догма. Хераклеја Линкестис - мозаични павименти,** Македонско наследство 27, Скопје 2006
- **За мизансценот и за кулисите. Сцени од ликовната драматопеја на македонското средновековно сликарство,** Македонско наследство 29, Скопје 2006
- **Coloured Dogma: the Mosaics of Heraclea Lyncestis – new interpretation**, Proceedings of the 21st International Congress of Byzantine Studies, Volume III, London 2006
- **The Staging of the Passion Scenes: A Stylistic Essay, Six Paradigms from the 14th Century Fresco Painting**, Zograph 31, Beograd 2006-2007
- **The Portal to Heaven. Reaching the Gates of Immortality**, Niš & Byzantium Symposium, The Collection of scientific works V, Niš 2007
- **Четириесет и првиот Давидов псалм - иконографска парадигма на христијанската антика,** Patrimonium.Mk 1-2, Скопје 2007
- **Ars Viva of the Early Dogma: The Mosaic Pavements In the Episcopal Centers of Macedonia Paleocristiana,** Solo Mosaico 1, Sanct Peterburg 2008
- **Seven Streams. The Stylistic Tendencies of Macedonian Fresco Painting in the 13th Century,** Niš & Byzantium Symposium, The Collection of scientific works VI, Niš 2008
- **За динамиката на композициските структури во палеологовското сликарство на македонската територија,** Македонско наследство 32, Скопје 2008
- **Art and Ritual in the Episcopal Centers of Macedonia Paleocristiana. The Floor Mosaics and the Illustrated Dogma,** XV Congreso International de Arqueologia Cristiana, Libro de Pre-actas, Toledo 2008
- **Dimensio Sacra: за просторните вредности на композицијата во сликаните ансамбли на Теоријановото ателје,** Patrimonium.Mk 3-4, Скопје 2008 (во печат)
- **Le radici adriatico-balchaniche: il movimento del' affresco bizantino e l' esempio della Macedonia**, Atti di Simposio Internazionale All' origine dell' affresco, Padova 2008 (во печат)
- **Spiritual Architects. The Construction of Architectural Backdrops in the Work of Some Painting Studios from the 14th Century,** Niš & Byzantium Symposium, The Collection of scientific works VII, Niš 2009 (во печат)

**Монографии и албуми:**

- **Macedonia. L' arte medioevale**, Jaca Book, Milan 2006 (во коавторство со С. Коруновски)
- **Macedoine Byzantine. Histoire de l'Art Macédonien du IXe au XIVe siècle**, Thalia, Paris 2006 (во коавторство со С. Коруновски)
- **Византиска Македонија**, Детска радост, Скопје 2006 (во коавторство со С. Коруновски)
- **Охрид - богатството на светот,** НИК Лист, Скопје 2007
- **Скопје - богатството на светот,** НИК Лист, Скопје 2008 (во печат)
- **Македонија - богатството на светот,** НИК Лист, Скопје 2008 (во печат)

Разгледувајќи го опусот на објавени монографии, албуми, стручни и научни трудови публикувани во Р. Македонија и во странство, се констатира дека д-р Елизабета Димитрова е сериозен и плоден автор со респектабилен библиографски опус. Во овие дела се препознава нејзината ерудиција, грамотност, суптилните и продлабочени познавања на иконографијата, стилските карактеристики и догматиката на христијанската уметност.

**Заклучок и предлог**

Анализата на едукативната ангажираност, општествената дејност, стручните и научните достигања во текот на последниот изборен период, даваат за право да се заклучи дека со севкупната своја активност д-р Елизабета Димитрова созреала во врвен педагог и историчар на уметноста. Со сето тоа, таа му дава особен дигнитет на матичниот институт и факултет, како и на развитокот на научната мисла во областа на историјата на медиевалната ликовна уметност.

Земајќи ги предвид покажаните резултати во наставно-научната дејност, ни претставува чест и задоволство да предложиме д-р Елизабета Димитрова да биде избрана во звањето **редовен професор** по предметите: историја на уметноста на македонскиот народ - среден век, вовед во историјата на уметноста и историја на уметноста - општ курс на Институтот за историја на уметноста и археологија при Филозофскиот факултет во Скопје.

**Членови на рецензентската комисија**

Проф. д-р Елица Манева, с.р.

Проф. д-р Иван Микулчиќ, с.р.

Проф. д-р Владимир Величковски, с.р.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филозофски факултет
Бр. 04-1073/08
16.12 2008 год.
Скопје

Врз основа на член 63, 132, 133 и 134 од Законот за високото образование, а согласно извештајот на Рецензентската комисија објавен во Билтен бр. 952/23 од 03. XI 2008 година, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXIII редовна седница, одржана на 10.XII .2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## за избор на наставник

I

1. **Д-р Елизибета Димитрова**, вонреден професор по предметите: Историја на уметноста на македонскиот народ-среден век, Вовед во историја на уметноста и Историја на уметноста-општ курс на Институтот за историја на уметноста и археологија на Филозофскиот факултет во Скопје, с е и з б и р а во звањето **редовен професор** за научните области (дисциплини): Општа историја на уметноста и Средновековна национална уметност, на неопределено време од денот на изборот.

2. Со извршениот избор именуваниот-ата засновува работен однос на неопределено време, сметано од 11. XII 2008 година.

II

Со именуваниот-ата ќе се склучи договор за работа.

III

По еден примерок од одлуката да се достави на: именуваниот-ата, досието, Оделението за материјално –финансиско работење, Одделението за општи, правни, персонални и наставни работи и архивата на Факултетот.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет
Проф. д-р Трајан Гоцевски